# УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“- БИТОЛА

# ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ

**КОМИСИЈА ЗА САМОЕВАЛВАЦИЈА**

# ИЗВЕШТАЈ

## ЗА САМОЕВАЛВАЦИЈА НА

## ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ-Б И Т О Л А

**ЗА ПЕРИОДОТ 2012/13-2014/15 ГОДИНА**

**Битола, 2015**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА САМОЕВАЛВАЦИЈА СО ПРЕПОРАКИ ЗА ПЕРИОДОТ 2012/13-2014/15 ГОДИНА**

1. Високообразовна установа: **Педагошки факултет-Битола**

2. Комисија за самоевалвација на Педагошки факултет-Битола:
    1. Проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска, претседател
    2. Проф. д-р Татјана Атанасоска, член
    3. Доц. д-р Данче Сивакова, член
    4. Доц. д-р Гордана Стојаноска, член
    5. Доц. д-р Јасминка Кочовска, член
    6. Доц. д-р Биљана Цветкова Димов, член
    7. студент Алберт Садиковски, член

3. Датум на изведување на внатрешната евалвација: 19.10.2015

## А. Вовед со основни податоци за за високообразовната установа и за текот на изведувањето на самоевалвацијата

а) Педагошкиот факултет-Битола е јавна високообразовна установа од обласа на педагошките науки со седиште на ул. „Васко Карангелевски“ бб Битола, која врши високо-образовна, научно-истражувачка и применувачка високостручна дејност во рамките на Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола.

Педагошкиот факултет од Битола е самостојна високообразовна институција, членка на Универзитетот *Св. Климент Охридски*-Битола која израсна врз темелите на познатата Педагошка академија (основана како образовна и воспитна институција во 1964 г.), која во 1994 г. прерасна во Факултет за учители и воспитувачи. Во 2005 г. се преименува во Педагошки факултет.

Педагошкиот факултет во Битола континуирано и плански се развива и кадровски стручно се усовршува.

На Педагошкиот факултет се реализира настава на прв, втор и трет циклус на високо образование. Акредитирани актуелни програми на прв циклус за кои се спроведува самоевалвацијата се:

**I циклус- додипломски студии**

- Наставник за одделенска настава

- Воспитувач

- Македонски јазик  - англиски јазик

- Македонски-германски јазик

- Македонски јазик и книжевност
- Англиски јазик и книжевност
- Информатика и техничко образование

**II циклус – магистерски студии**

- Наставник за одделенска настава и Воспитувач (со повеќе модули)
- Односи со јавноста
- Образование на надарени и талентирани
- Македонски и странски јазици (модули: македонски, англиски и германски јазик)

**III циклус – докторски студии**

Менаџмент во образование

Методика на одделенска настава

Методика на наставата по јазик (македонски, англиски, германски)

б) Внатрешната самоевалвација ја започна и ја реализираше комисијата за самоевалвација на Факултетот, претходно избрана на седница на Наставно-научен совет. Самоевалвацијата започна на 19.10.2015, а заврши со поднесување на овој извештај – 20.11.2015. Во текот на самоевалвацијата беа обезбедени сите потребни документи за нејзино успешно спроведување: карта на високообразовната установа, правилник за работа на Факултетот, елаборатите на студиските програми кои беа предмет на разгледување, извештаите за работа на деканот, извештаите за покриеност на наставата, извештаите за научната работа на наставниците, припадноста на наставните дисциплини според Фраскатиевата класификација, извештаите за ангажираност на лица од други институции, извештаите за ангажираност на академскиот кадар на други институции, извештајот на комисијата за издавачка дејност, извештаите за спроведените студентски анкети, извештајот за просторните и материјално-техничките услови на Факултетот, извештајот од службата за студентски прашања за бројот и структурата на запишани студенти во сите години за секоја академска година што е предмет на разгледување, извештајот за бројот на дипломирани студенти од службата на студентски прашања, извештајот од библиотечната служба за бројот на книги со кои располага библиотеката, извештаите за реализирана клиничка, педагошка и методичка практика на студентите.

**Б. Податоци за констатираните состојби, оценка за исполнетост на критериумите и препораки за надминување на констатираните недостатоци**

1. **ОБЛАСТ: ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕНАЏМЕНТ И ИЗВЕДУВАЊЕ**

**1.1. Развој и стратегија на високообразовната установа**

Педагошкиот факултет-Битола има јасно поставена визија и мисија од што произлегуваат и целите на високообразовната установа. При определувањето на овие одредници учествува наставно-научниот совет на Факултетот имајќи ги предвид тековните случувања во потесното и поширокото опкружување и потребата на пазарот на трудот.

**Визија:** Визијата на Педагошкиот факултет е да стане лидер во областа на истражувањата и едукацијата на наставничките кадри во Републиката и пошироко. **Мисијата** на Факултетот е продукција на наставнички профили кои успешно ќе се носат со предизвиците на современото општествено опкружување кое поради брзиот техничко-технолошки и научен развој и тенденцијата за глобализација подложно е на чести промени. За да се реализира мисијата потребно е да се реализираат следните **цели**: постојано следење на општествените промени и начинот на кој истите можат или влијаат врз високото образование, модернизација на наставниот процес преку почитување на современите трендови во образованието (ИКТ во наставата, инклузивно образование, интерактивни методи и стратегии за учење и поучување,...), обезбедување мобилност на студентите, богата понуда на изборни предмети, обезбедување педагошка и клиничка практика и слично.

Педагошкиот факултет има посебни процедури и механизми за планирање, реализација и контрола на квалитетот на активностите. Тие вклучуваат донесување предлог-одлуки на деканатска управа, разгледување на предлог-одлуките од деканатската управа и носење одлуки на Наставно-научен совет во којшто членува наставно-научениот кадар на Факултетот и асистентите, лекторите и студентите со свои претставници. Исто така за реализација на специфични активности се формираат посебни комисии составени од професори, како на пример, комисија за изработка на елаборати, комисија за самоевалвација, комисија за издавачка дејност, комисија за реализација на конкурсот за запишување на студенти на прв, втор и трет циклус студии, комисија за проверка на психо-лингвистичките способности на кандидатите за запишување на прв циклус студии, комисија за реализација на ЕКТС, комисија за признавање на испити при мобилност на студентите, организациски одбори на конференции и слично. Наставно-научниот совет заседава и ги разгледува и предлог-одлуките на советот за втор циклус студии и советот за трет циклус студии, го рагледува годишниот план за наставна дејност во којшто влегуваат одлуките за покриеноста на наставата по семестри за секоја студиска програма, просторните и материјално-техничките услови за реализација на предметите, разгледување на барањата од студентскиот сојуз, планирање и донесување стратегија за работа на почетокот од секоја академска година, но и на почетокот на секој семестар, планирање и донесување стратегија за реализација на педагошката практика, методичката практика и клиничката настава на студентите, планирање и донесување стратегија за надворешна соработка, мобилност на професори и студенти, стратегија за промовирање на студиските програми на факултетот за привлекување нови студенти на сите циклуси и слично.

Факултетот има механизми и за контрола на квалитетот на планираните активности преку разгледување на Наставно-научен совет на подоготвените извештаи за реализирани активности од страна на професорите или комисиите задолжени за спроведување на активностите, како и разгледување на извештајот за работата на деканот како раководител на институцијата.

## 1.2.Управување, внатрешно обезбедување на квалитетот и култура на квалитетот

Институцијата како високообразовна установа во целост ги задоволува критериумите за ефикасно управување и организациско функционирање. Според Статутот на Универзитетот и актите за функционирање донесени на единицата таа функционира во склад со почитување на принципот на академска автономија во нејзината целост. Секое од телата преку кои функционира установата во целост се држат до поделеноста во своите надлежности во смисла на издвоеност на академските од управувачките функции. Наставно научниот совет се занимава со прашањата од академска природа, додека факултетската управа се држи до своите управувачки надлежности. Во актите донесени на ниво на единица како Статут и Правилник за внатрешните односи и работењето јасно и прецизно се наведени улогите и надлежностите на органите и телата на факултетот, раководното лице во институцијата. Исто така овие акти ги уредуваат и односите меѓу организационите единки преку кои се реализира активноста на институцијата. На овој начин е создадена солидна основа за исполнување на зацртаната мисија на факултетот, како и стратешките цели кон кои тој се стреми.

Грижата за квалитет е еден од приоритетите на нашата единица. Во тек е процес на преземање на мерки заради целосна операционализација на процедурите за обезбедување на квалитет. При ова посебно внимание се посветува на квалитетот на наставата и практичната настава на студентите. Тоа е во склад со стратешките цели на факултетот. Има донесено Етички кодекс кој е објавен на веб-страницата на факултетот со кој се регулира однесувањето на студентите и персоналот. Постојано се прават анализи на нивото на постигнувањата на студентите. Исто така се преземаат мерки за унапредување на научно-истражувачката работа на наставничкиот кадар и студентите на втор и трет циклус.

На факултетот функционира комисија за самоевалвација во согласност со законските регулативи.

Институцијата ги запазува роковите за спроведување на демократски процедури за избор на студенти кои ги претставуваат колегите и нивните интереси во рамките на управните тела. Тие се вклучени во процесот на донесување на клучни одлуки кои се клучни за нивно успешно напредување преку нивна процентуална застапеност на ННС и Деканатската управа. Наставниците спроведуваат процес на анонимно анкетирање на студентите со што вршат авторефлексија, но и прибирање на значителни податоци кои се важни за анализа на истите, а во функција на подобрување на квалитетот на целокупната работа на институцијата. Анализата на прибраните податоци се користи како основа за планирање и преземање на мерки за подобрување на сите области во домен на факултетот.

## 1.3.Човечки ресурси

На прв циклус студии во 2012/13 година настава реализирале 41 наставник од кои 23 – вработени во институцијата и 16 ангажирани професори од УКЛО и од УКИМ. Вкупниот број наставници и соработници (25) вработени на факултетот и ангажирани на прв циклус на студии по звања ја има следнава структура: 8 редовни професори од кои 7 мажи и една жена на просечна возраст од 60 години (87 % од нив се доктори на науки); 5 вонредни професори (80 % доктори на науки) од кои 2 од машки и 3 од женски пол со просечна старост од 46,4 години; 8 доценти – сите од женски пол и сите доктори на науки на просечна возраст од 38 години, 2 лектори – сите од женски пол и на просечна старост од 39 години и 2 асистенти од женски пол на просечна старост од 37,5 години од кои еден доктор на науки.

Во 2013/14 година настава реализирале 37 наставници од кои 22 – вработени на факултетот, а 14 ангажирани од УКЛО и од УКИМ. Од вработените наставници на факултетот има: 8 редовни професори од кои 5 мажи и 3 жени на просечна возраст од 56,125 години (85,7% се доктори на науки); 3 вонредни професори од кои 2 мажи и една жена на просечна возраст од 48 години (66,7% се доктори на науки); 9 доценти – сите од женски пол и доктори на науки на просечна возраст од 39 години; 1 виш лектор од женски пол на возраст од 28 години; 1 лектор од женски пол на возраст од 52 години и 1 асистент од женски пол на возраст од 32 години.

Во 2014/15 година настава реализирале 35 наставници од кои 21 вработени на институцијата, а 14 ангажирани од УКЛО и УКИМ. Од вработените наставници има: 7 редовни професори од кои 4 од машки и 3 од женски пол со просечна старост од 55,57 години (87,5% се доктори на науки); 2 вонредни професори од машки пол на просечна возраст од 50 години – сите доктори на науки; 10 доценти од женски пол на просечна возраст од 41,5 години и сите доктори на науки; 1 виш лектор од женски пол на возраст од 29 години; 1 лектор од женски пол на возраст од 53 години и 1 асистент од женски пол на возраст од 33 години.

Во 2012/13 година на втор циклус студии ангажирани се 21 наставници од кои 11 се вработени на факултетот, а 10 – ангажирани од други институции од земјата и од странство. Од единаесетте вработени на факултетот, 6 се редовни професори од машки пол со просечна старост од 58,83 години и сите се доктори на науки; 3 вонредни професори – 1 од женски пол и 2 од машки пол со просечна старост од 47,66 години – сите доктори на науки и 2 доценти од женски пол на просечна возраст од 39,5 години, доктори на науки.

Во 2013/14 година, на втор циклус студии ангажирани се 23 наставници, од кои 11 се со полно работно време од факултетот, а 12 се ангажирани од други институции. Од вработените на факултетот, 7 се редовни професори – 6 мажи и 1 жена на просечна возраст од 58,14 години; 2 се вонредни професори од машки пол на просечна возраст од 49 години и 2 доценти од женски пол со просечна старост од 40,5 години. Сите се доктори на науки.

Во 2014/15 година, на втор циклус студии ангажирани се 24 наставници од кои 13 се вработени на факултетот, а 11 се од други високо-образовни институции. Од вработените на факултетот, 7 се редовни професори – 6 мажи и 1 жена на просечна возраст од 59,14 години; 2 се вонредни професори од машки пол на просечна возраст од

50 години и 4 доценти од женски пол со просечна старост од 43,5 години. Сите се доктори на науки.

Во 2012/13 година на трет циклус студии ангажирани се наставници од кои 6 се редовни професори од машки на просечна возраст од 58,6 години; 4 вонредни професори (2 од машки и 2 од женски пол) на просечна возраст од 46,7 години и 4 доценти од женски пол на просечна возраст од 39,5 години. Сите се доктори на науки.

Во 2013/14 година на трет циклус студии ангажирани се наставници од кои 8 се редовни професори (6 од машки и 2 од женски пол) на просечна возраст од 56,2 години; 2 вонредни професори од машки пол на просечна возраст од 49 години и 2 доценти од женски пол на просечна возраст од 40,5 години. Сите се доктори на науки.

Во 2014/15 година на трет циклус студии ангажирани се наставници од кои 8 се редовни професори (6 од машки и 2 од женски пол) на просечна возраст од 57,2 години; 2 вонредни професори од машки пол на просечна возраст од 50 години и 3 доценти од женски пол на просечна возраст од 41,5 години. Сите се доктори на науки.

Од вкупниот број наставници и соработници кои реализирале настава на прв циклус во 2012/13 година (41), 61 % се ангажирани со полно работно време (25), а 39 % (16 наставници) со дополнително работно време.

Во 2013/14 година од вкупниот број ангажирани наставници и соработници на прв циклус (37), 62 % се ангажирани со полно работно време како вработени на факултетот (23), а 38 % (16 наставници) се со дополнително работно време (ангажирани од УКЛО и УКИМ).

Во 2014/15 година од вкупниот број ангажирани наставници и соработници на прв циклус (35), 60 % се ангажирани со полно работно време како вработени на факултетот (21), а 40 % (14 наставници) се со дополнително работно време (ангажирани од УКЛО и УКИМ).

На трет циклус студии во сите три академски години кои се предмет на самоевалвација ангажирани биле вкупно 16 професори од кои 7 редовни професори во 2012/13 и 9 во 2013/14 и 2014/15; 5 вонредни професори и 4 доценти.

На прв циклус студии, наставата ја покриваат вкупно: 41 наставници од кои 25 – вработени на факултетот, а 16 ангажирани од УКЛО и УКИМ во 2012/13; 37 наставници од кои 23 вработени на факултетот, а 14 ангажирани од УКЛО и УКИМ во 2013/14 и 35 наставници од кои 21 вработен и 14 ангажирани од УКЛО и УКИМ во 2014/15. Од табела број 5 може да се види дека најголем број од наставниците покриваат наставни дисциплини кои според Фраскатиевата класификација спаѓаат во научното поле Општествени науки, подрачје Образование, дел од наставниците покриваат предмети од полето Хуманистички науки, подрачје Лингвистика, а помал дел од наставниците покриваат предмети од другите полиња и подрачја.

Академскиот кадар што ги реализира наставните програми на прв, втор и трет циклус е компетентен кадар којшто има докторирано на соодветните подрачја, полиња и области и објавува научни трудови во тие области.

Од прикажаното може да се види дека факултетот иако располага со академски кадар кој ги покрива повеќето од наставните дисциплини во секоја студиска програма на прв циклус, сепак постои потреба од ангажирање на дополнителен кадар за реализирање на настава, особено од научното поле Хуманистички науки, подрачје Лингвистика, Англистика, Германистика и Литература.

Педагошкиот факултет-Битола го поттикнува развојот на наставно-научниот и соработничкиот кадар преку организирање научни конференции во областа Образование, но и преку континуирано публикување на Интернационалното научно списание Учител кое што се објавува и електронски и е кандидат за влегување во базата EBSCO.

Наставно-научниот кадар поднесува устен и/или писмен извештај за своите научно-истражувачки резултати на ННС, но и на посебно организирани состаноци за таа намена кои се договараат и реализираат по потреба на барање на академскиот кадар. На крајот од секоја академска година, наставниците и соработниците пишуваат извештај за своите научни резултати (учество на конференции, учество во научни проекти, објавени научни трудови во списанија или зборници, ..), а дел од тие извештаи влегува и во извештајот за работа на деканот кој се дискутира на Наставно-научен совет.

На факултетот има развиена процедура за објавување на учебници и наставни помагала кои мора да бидат рецензирани и прифатени на ННС. Тие процедури ги спроведува комисијата за издавачка дејност на факултет во којашто членуваат тројца наставници, вработени на факултетот. Тие имаат обврска да испраќаат план за издавачка дејност, но и извештај за реализираната издавачка дејност на крајот од секоја академска година.

Изборот на наставно-научниот и соработничкиот кадар се врши според процедурите утврдени со законот за високо образование. Изборот го врши соодветна рецензиона комисија формирана на седница на Наставно-научен совет по претходно распишан конкурс за наставници или соработници. Доколку на факултетот нема соодветни рецезенти, тогаш во рецензионата комисија се ангажираат лица од други универзитети во Р. Македонија, но и од странство. Рецензионата комисија при оценувањето на наставната и научната дејност на пријавените кандидати на конкурсот за наставници ги зема предвид резултатите од реализираната студентска анкета и ги прикажува детаљно во писмениот извештај.

Деканатската управа први анализа на старосната структура на наставниот кадар, ги разгледува и решава прашањата за покриеноста на наставата од академски кадар којшто е вработен на факултетот, но и од страна на ангажирани лица од други институции. Планот за покриеноста на наставата се утврдува на седница на Наставно-научен совет на почетокот од секоја академска година.

За вршење на стручните и административните работи на Педагошкиот факултет од Битола е формирана стручна и административна служба чиј раководител е секретарот. Како стручни и административни активности за коишто е задолжена стручната и административната служба се сметаат: персоналните активности, сметководствената евиденција, правната евиденција и статистика, следењето и ажурирањето на активностите во врска со студирањето на студентите (служба за

студентски прашања), подготвувањето и обработувањето на материјалите од правно – стручна природа, одржувањето на компјутерската мрежа, односно информацискиот и библиотечниот систем на Факултетот, административните функции (примањето и испраќањето пошта, стенографските, дактилографските, архивските и сл. работи), општите активности, чувањето/обезбедувањето сигурност на објектот, одржувањето и чувањето на просториите, како и други работи што, според својата природа, спаѓаат во овие видови активности.

Студентската служба на Педагошкиот факултет-Битола е екипирана со повеќе стручни лица кои воглавно вршат работи и работни задачи во доменот на студентските прашања. Службата функционира со поделени задачи, односно поделба на обврските. Некои од референтите се задолжени за услуги за студентите по години на прв циклус на студии по ЕКТС, и тоа како за студентите по нова така и за студентите запишани по стара програма, како и за студентите на втор, односно трет циклус на студии. Како и на сите единици на Универзитетот, така и на Педагошкиот факултет во Битола постои админстратор на ЕКТС кој е задолжен за координација на работата поврзана со имплементацијата на правилата за студирање според ЕКТС, врши контрола во врска со запишувањето нови наставни дисциплини и бројот на кредити и слично. Останатите активности во службата на студентски прашања се состојат во: подготовки на промоциите, упис на студентите, комплетирање на студентските досиеја, водење на матичните книги, примање и разврстување испитни пријави, подготвување списоци за резултати од уписи, испитни рокови, колоквиуми и слично.

Во библиотеката работи еден библиотекар.

### 1.4.Информациски системи

Педагошкиот факултет води евиденција за сите релевантни случувања на факултетот преку водење на летописна книга во која се бележат сите поважни информации за научните, наставните и апликативните дејности на постојниот академски кадар, но и на кадарот којшто е повремено ангажиран, како и информации за меѓународна соработка и мобилност на академскиот кадар и на студентите.

На факултетот во тек е изработка на информациски систем за евиденција на активностите на студентите и професорите. Во рамките на Униврезитетот функционира I-know информациски систем за реализација на конкурсот за упис на нови студенти. Во моментов е актуелна веб-страницата на факултетот на којашто се објавуваат информации за распоредот на часовите и испитите, соопштенија и информации за акдемскиот кадар и за студентите и детални податоци за научната и наставната дејност на ангажираниот академски кадар.

### 1.5.Финансиски менаџмент

Педагошкиот факултет има јасно дефинирани правила за распределба на финансиските средства.

На почетокот од секоја академска година на ННС се разгледува и се усвојува финансискиот план за распределба на финансиските средства.

## 2. ОБЛАСТ – НАСТАВА И УЧЕЊЕ

### 2.1.Процедури за обезбедување на квалитет на студиските програми

На Педагошкиот факултет постојат и се почитуваат воспоставени процедури кои се однесуваат на предлагање, прифаќање, следење и спроведување на секоја студиска програма. При дизајнирањето на нови студиски програми редовно се консултира пазарот на трудот, а при редизајнирање и иновирање на веќе постоечките воспоставена е соработка со училиштата, Бирото за развој на образованието, како и МОН, со што се снима во целост потребата од внесување на новини во однос на вештини и знаења со кои треба да располага дипломираниот студент за да може успешно да се вклучи во работата. При дизајнирање на студиските програми од различни нивоа се води грижа за оптималната проценка на длабочината и широчината на дескрипторите кои се однесуваат на првото, второто и третиот циклус на студии.

За сите програми што се реализираат на факултетот и се предмет на анализа во рамките на оваа самоевалвација постои архивиран примерок од елаборатите во коишто постојат основни информации за реализација на студиската програма. Секој елаборат содржи:

- наслов на студиската програма,
- карта на високообразовната установа,
- цели на студиската програма,
- краток опис на програмата (број на ЕКТС и распределба на ЕКТС по семестри како и податоци за оптеретеноста на студентот),
- форми и методи на наставна работа,
- структура на студиската програма: преглед на задолжителните предмети, изборните од факултетот и изборните од листата на УКЛО по семестри и број на кредити,
- начин на оценување на предметите претставен во предметните програми,
- дескриптори,
- стекнато звање по завршувањето на студиите,
- институционални можности за реализација на програмата,
- преглед на наставниците кои ги покриваат предметите од програмата,
- просторните и материјално-техничките можности за реализација на програмата,
- предметните програми во кои има податоци за предметот, реализаторот, бројот на ЕКТС и ангажираност на студентот, форми и методи на учење и поучување, предуслови за запишување на предметот, цели на предметот, содржина на предметот, начин на проверка на знаењата, критериуми за оценување, услов за потпис и за полагање на испитот, јазик на кој се изведува наставата, начини на следење на квалитетот на реализираните активности како дел од самоевалвацијата, основна и дополнителна литература потребна за подготовка на испитот (прилог бр. 3 во елаборатите).

- податоци за наставниците ангажирани за реализација на програмата: име и презиме, датум на раѓање, наставно-научно звање, образование, подрачје, поле и област на стекнатиот степен на образование, список на предмети кои ги реализира на секој циклус, податоци за селектирани научни трудови и публикации како доказ за неговата компетентност, податоци за учества во научни и апликативни меѓународни проекти во последните 5 години, податоци за менторствата на дипломски, магистерски и докторски трудови (прилог бр. 4 во елаборатите).

Уште при распишување на Конкурсот за прием на студенти се внесуваат критериумите кои треба да се исполнат за да се изврши упис на кандидатот, при што се внесени и одредени специфики кои се врзани за оваа струка. Транспарентно е наведен типот на студии, како и целокупниот начин на кој тие се изведуваат. Бројот на кредити пресметани како оптовареност на студентот е внесен во сите предметни програми, се разбира искажани во ЕКТС кредити. Во секоја од предметните програми внесен е начинот преку кој се врши евалуација на постигнувањата на студентот, различно за различни предметни програми, во зависност од спецификата на предметот. Во предметните програми на сите три циклуси предвидено е користење на разновидни наставни методи кои наставата ја прават интересна и прилагодена кон различните стилови на учење. Методот на дискусија, дебата, усна презентација, истражување, подготвување и анализирање на студија на случај, како и посебниот фокус на практичната настава овозможуваат застапеност на методи кои овозможуваат стекнување на знаења, развој на вештини предвидени со студиската програма.Тие воедно пружаат можност за активна партиципација на студентот во сопствениот процес на учење, како и развој на истражувачките вештини на повисоките нивоа на студии. Исто така на ниво на студиска програма внесени се квалификациите на наставничкиот кадар, како и персоналот и ресурсите кои служат како неопходна логистичка поддршка.

Педагошкиот факултет постојано ги следи општествените промени и потребите на пазарот на трудот и како резултат на тоа активно учествува во воведувањето промени во актуелните студиски програми при нивната реакредитација.

Секоја студиска година факултетот врши анализа на претходната студиска година во смисла на процентот на завршени студенти, просечно траење на студиите. Предложените квоти за запишување на студенти се проценуваат врз основа на претходно забележаниот интерес за поединечните студиски програми по нивоа на студирање. Воедно се води сметка тие да бидат во склад со можностите кои ги има на располагање институцијата. Анализата ја прават одговорните лица по студиски програми и нивоа на студии со нивно изложување пред органите на факултетот, односно Наставно-научниот совет. Тие анализи по транспарентното споделување се користат за предлози за измени на студиските програми кои се однесуваат на сегментите каде е забележана потреба за подобрување.

На **прв циклус** се реализираат програмите:

- Наставник за одделенска настава
-

| Тип | Број на предмети | Кредити | Застапеност |
|---|---|---|---|
| Задолжителни предмети | 24 | 144 | 60% |
| Изборни – ПФБ | 10 | 60 | 30% |
| Дипломска работа (избор – ПФБ) | 1 | 4 | |
| Изборни предмети – УКЛО | 4 | 20 | 10% |
| Педагошка практика | | 12 | |
| Вкупно | 39 | 240 | 100% |

- Воспитувач

| Тип | Број на предмети | Кредити | Застапеност |
|---|---|---|---|
| Задолжителни предмети | 24 | 144 | 60% |
| Изборни – ПФБ | 10 | 60 | 30% |
| Дипломска работа (избор – ПФБ) | 1 | 4 | |
| Изборни предмети – УКЛО | 4 | 20 | 10% |
| Педагошка практика | | 12 | |
| Вкупно | 39 | 240 | 100% |

- Македонски-англиски јазик

| Карактер на предмети/ семестри | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | Вк. | Проценти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Задолжит. | 4 | 4 | 4 | 4 | 6 | 1 | 5 | 3 | 31 | 62% |
| Изборен | 2 | 2 | 2 | 2 | - | 3 | 1 | 3 | 15 | 30% |
| Изб.УКЛО | | | | | 1 | 3 | | | 4 | 8% |
| Вкупно | 6 | 6 | 6 | 6 | 7 | 7 | 6 | 6 | 50 | 100% |

- Македонски-германски јазик

| Карактер на предмети/ семестри | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | Вк. | Проценти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Задолжит. | 4 | 4 | 4 | 4 | 6 | 1 | 5 | 3 | 31 | 62% |
| Изборен | 2 | 2 | 2 | 2 | - | 3 | 1 | 3 | 15 | 30% |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Изб.УКЛО | | | | | 1 | 3 | | | 4 | 8% |
| Вкупно | 6 | 6 | 6 | 6 | 7 | 7 | 6 | 6 | 50 | 100% |

- Македонски јазик и книжевност

| Тип | Број на предмети | Кредити | Застапеност |
|---|---|---|---|
| Задолжителни предмети | 24 | 141 | 58% |
| Изборни – ПФБ | 12 | 64 | |
| Дипломска работа (избор – ПФБ) | 1 | 5 | 31,7% |
| Изборни предмети – УКЛО | 4 | 20 | 9,7% |
| Педагошка практика | | 10 | |
| Вкупно | 41 | 240 | 100% |

- Англиски јазик и книжевност

| Тип | Број на предмети | Кредити | Застапеност |
|---|---|---|---|
| Задолжителни предмети | 24 | 141 | 59% |
| Изборни – ПФБ | 12 | 64 | |
| Дипломска работа (избор – ПФБ) | 1 | 5 | 30,9% |
| Изборни предмети – УКЛО | 4 | 20 | 9,5% |
| Педагошка практика | | 10 | |
| Вкупно | 41 | 240 | 100% |

- Германски јазик и книжевност

| Тип | Број на предмети | Кредити | Застапеност |
|---|---|---|---|
| Задолжителни предмети | 24 | 141 | 58% |
| Изборни – ПФБ | 12 | 64 | |
| Дипломска работа (избор – ПФБ) | 1 | 5 | 31,7% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Изборни предмети – УКЛО | 4 | 20 | 9,7% |
| Педагошка практика | | 10 | |
| Вкупно | 41 | 240 | 100% |

- Информатика и техничко образование

Табела 1: Утврден сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети

| **Тип** | **Број на предмети** | **Европски кредити** | **Процент** |
|---|---|---|---|
| Задолжителни предмети | 25 | 139 | 60% |
| Педагошка практична настава | 4 | 4 | |
| Изборни технички и информатички предмети од прво и второ ниво на компатибилност[1] | | 48-72 | 20-30 % |
| Изборни педагошки предмети од прво и второ ниво на компатибилност | | 24-48 | 10-20% |
| **Вкупно** | | **240** | **100%** |

На Педагошкиот факултет– Битола **за втор циклус на студии** активни се и се реализираат следниве студиски програми:

- Менаџмент во образование (Целта е потребата од примена на интердисциплинарни знаења и компетенции неопходни за негово ефективно и ефикасно следење од страна на воспитно-образовните организации);
- Македонски и Англиски јазик - модул Македонски јазик (Целта на оваа студиска програма е профилот на кадарот да се обликува со темелни знаења, стекнати со изучување на областите посочени во истата, каде тие ќе претставуваат вовед во процесот на континуирано образование во доменот на специјалноста);
- Македонски и Англиски јазик– модул Англиски јазик (Целта на оваа студиска програма е профилот на кадарот да се обликува со темелни знаења, стекнати со изучување на областите посочени во истата, каде тие ќе претставуваат вовед во процесот на континуирано образование во доменот на специјалноста);
- Македонски и Германски јазик– модул Германски јазик (Целта на оваа студиска програма е профилот на кадарот да се обликува со темелни знаења, стекнати со изучување на областите посочени во истата, каде тие ќе претставуваат вовед во процесот на континуирано образование во доменот на специјалноста);
- Односи со јавноста (Цел- развој и поврзување на менаџментот со процесите и примената на интердисциплинарни знаења и компетенции неопходни за ефективно комуницирање и примена на комуникациските вештини кои се стекнуваат со овој студиум. Современиот свет налага поседување на квалитетни вештини за комуницирање, говорење, преговарање, како и способноста за читање на невербалните знаци и тоа не само на професионално поле, туку и во секојдневниот живот и личните контакти);
- Методика по одделенска настава (Целта е да се моделира профилот наставник во современото општество: компетенциите се зголемуваат, флексибилноста и

креативноста како цели, пристапи и начини на однесување се поддржуваат, а наставникот по одделенска настава станува свесен за влијанието на наставните и воннаставните фактори врз ученикот во одделенскаат настава. Развојните и применетите истражувања на одделенската настава се во незадоволителен број. Оттука, и потребата за организирање на вториот циклус на студии по методика во одделенската настава.);
- Образование на Надарените и талентираните (Општата цел на програмата е ориентирана кон два фокусни стратуми и тоа: квалитетно да се подигне едукативното ниво на наставниот кадар и стручните соработници во образовните организации во откривање и работа со надарените и анимирање на стопанските организации за подобрување на компетенции во целокупниот третман на надарените и талентираните).

Условите и критериумите за запишување се дефинирани со Конкурсот за запишување студенти на втор циклус на студии на Универзитетот „Св. КлиментОхридски“– Битола.

Студиите од вториот циклус се едногодишни и се реализираат преку следниве форми:
- Предавања екс катедра (фронтална форма на настава) 10%
- Интерактивна настава 35%
- Семинарска настава 5%
- Теренска настава 10%
- Проектна настава 20%
- Студија на случај 5%
- Хоспитации 15%

Кредитната вредност на секоја предметна програма искажана во ЕКТС изгледа вака:
- Менаџмент во образование 60 кредити (задолжителни предмети 30 кредити, изборни предмети од ПФ 10 кредити, изборни предмети од единиците на државните универзитети 5 кредити и магистерски труд ( избор – ПФБ 15 кредити)
- Македонски и Англиски јазик - модул Македонски јазик 60 кредити (задолжителни предмети 24 кредити, изборни предмети од ПФ 14 кредити, изборни предмети од единиците на државните универзитети 12 кредити и магистерски труд10 кредити (избор – ПФБ 18 кредити)
- Македонски и Англиски јазик – модул Англиски јазик 60 кредити (задолжителни предмети 24 кредити, изборни предмети од ПФ 14 кредити, изборни предмети од единиците на државните универзитети 12 кредити и магистерски труд10 кредити (избор – ПФБ 18 кредити)
- Македонски и Германски јазик – модул Германски јазик 60 кредити (задолжителни предмети 24 кредити, изборни предмети од ПФ 14 кредити, изборни предмети од единиците на државните универзитети 12 кредити и магистерски труд10 кредити (избор – ПФБ 18 кредити)
- Односи со јавноста 60 кредити (задолжителни предмети 30 кредити, изборни предмети од ПФ 10 кредити, изборни предмети од единиците на државните универзитети 5 кредити и магистерски труд (избор – ПФБ 15 кредити)

- Методика по одделенска настава 60 кредити (задолжителни предмети 30 кредити, изборни предмети од ПФ 10 кредити, изборни предмети од единиците на државните универзитети 5 кредити и магистерски труд (избор – ПФБ 15 кредити)
- Образование на Надарените и талентираните – 60 кредити (задолжителни предмети 24 кредити, изборни предмети од ПФ 12 кредити, изборни предмети од единиците на државните универзитети 6 кредити и магистерски труд (избор – ПФБ 18 кредити)

На Педагошкиот факултет– Битола на **трет циклус** на студии активни се и се реализираат следниве студиски програми:

- Менаџмент во образование (Целта е потребата од примена на интердисциплинарни знаења и компетенции неопходни за негово ефективно и ефикасно следење од страна на воспитно-образовните организации);
- Настава по Македонски јазик (Целта на оваа студиска програма е профилот на кадарот да се обликува со темелни знаења, стекнати со изучување на областите посочени во истата, каде тие ќе претставуваат вовед во процесот на континуирано образование во доменот на специјалноста);
- Настава по Англиски јазик (Целта на оваа студиска програма е профилот на кадарот да се обликува со темелни знаења, стекнати со изучување на областите посочени во истата, каде тие ќе претставуваат вовед во процесот на континуирано образование во доменот на специјалноста);
- Настава по Германски јазик (Целта на оваа студиска програма е профилот на кадарот да се обликува со темелни знаења, стекнати со изучување на областите посочени во истата, каде тие ќе претставуваат вовед во процесот на континуирано образование во доменот на специјалноста);
- Образовни науки (Целта е детерминирана од потребата од организирање на докторските студии од областа на образовните науки е резултат на брзиот развој во сферата на воспитно-образовниот процес и примена на интердисциплинарни знаења и компетенции неопходни за негово ефективно и ефикасно следење од страна на воспитно-образовните организации).

### 2.2.Квалитет на академскиот кадар

На нашата високообразовна институција како професори кои стојат во предметните програми на прв, втор и трет циклус се ангажирани професори од матичната институција, но и такви кои доаѓаат од нашиот универзитет и од други универзитети. При тоа строго се почитувани критериумите за избор на наставници кои според своето образование и научен и истражувачки интерес соодветствуваат на полето, подрачјето и областа на која припаѓа предметот. Воедно секогаш се води грижа и за имиџот кој наставникот го ужива во академската заедница. До сега не се појавил случај наставник да биде негативно оценет од страна на студентите, но секако доколку тоа се забележи и посебно доколку би се работело за добивање на три пати еднoподруго негативна оценка факултетот би реагирал на начин согласно со законските регулативи.

Факултетот води евиденција со податоци од анкетираните студенти за наставникот кој изведува одредена предметна програма (редовност на изведување на наставата, подготвеност на наставникот за држење на настава, поттикнување на студентите за учење и совладување на предметната програма, придржување кон објавените термини за консултации, достапност на наставникот, поттикнување на активност и реализирање интерактивна настава, давање соодветна литература,

објективно оценување, култура на однесување на наставникот,...) и на основа на овие податоци утврдува ставови за квалитетно изведување на наставата и дава препораки за континуирано подобрување на квалитетот.

### 2.3.Процедури за оценување на студентите

Со акт усвоен од сенатот на Универзитетот „Св. Климент Охридски", правилникот за организација на прв, втор и трет циклус и со правилникот за ЕКТС се спроведуваат процедури за фер, конзистентно и транспарентно оценување на студентите. Процедурите се следниве:

- Студентот има право да го полага предметот на два колоквиуми во текот на семестарот. Секој колоквиум учествува во вкупната оцена со 40% (40 бода), односно двата положени колоквиуми учествуваат со 80% (80 бода) во вкупната оцена.
- Се следи и вреднува активноста и напредокот на студентот во текот на семестарот и тоа учествува со 10% (10 бода) во вкупната оцена.
- Се следи и вреднува активноста и напредокот, како и редовноста на студентот во текот на семестарот и тоа учествува со 10% (10 бода) во вкупната оцена.
- Студентот има можност за изработка на семинарска работа, есеј, презентација на одредена тема или можност за вклучување во проект и тоа учествува со 10% (10 бода) во вкупната оцена.
- Наставниците водат евиденција за сите наставни активности на студентите во текот на семестарот и ги вреднуваат истите.
- Методите на оценување се развиени и приспособени на секој наставен предмет. За оценување на постигнувањата на студентите во рамките на практичната настава има посебни критериуми за оценување кои се однесуваат на редовноста и активноста на студентите како набљудувачи на наставата, асистенти во настава и истражувачи на воспитно-образовната дејност.
- Прагот на проодност и рангот на секоја оцена е утврден и скалата на оценување е следната:
    - до 50 бода 5 (пет)
    - од 51 до 60 бода 6 (шест)
    - од 61 до 70 бода 7 (седум)
    - од 71 до 80 бода 8 (осум)
    - од 81 до 90 бода 9 (девет)
    - од 91 до 100 бода 10 (десет)
- Студентот е известен за горенаведеното на почетокот на семестарот и овие информации му се перманентно достапни – наведени во предметните програми кои се дел од елаборатите за студиските програми објавени на веб-страницата на факултетот.
- Студентот има распоред на испити пред почетокот на секоја испитна сесија во кој е наведена датата и часот на полагање на предметите, името на испитувачот и просторијата во која ќе се одржи испитот.
- Студентот има право на увид во тестовите и решение на задачите од тестовите по завршното оценување.

- Студентот има право во рок од 24 часа да го поништи полаганиот испит со чии резултати не е задоволен и право на повторно полагање на истиот.
- Студентот има право на жалбена процедура и можност преку таа процедура да го полага испитот пред независна комисија.

Анализата на проодноста на студентите на Педагошкиот факултет – Битола за периодот од 2012/2013 до 2014/2015 година, за три академски години го покажува следново[1]:

За прв циклус на студии:

1. Процентот на студенти кои го положиле испитот преку колоквиуми се движи од 75,86 до 80,02% со просечна оценка од 7,67 до 7,97.

2. Процентот на студенти кои го положиле завршниот испит се движи од 67,13 до 71,44 со просечна оценка од 7,05 до 7,33.

За втор циклус на студии: Процентот на студенти кои го положиле завршниот испит се движи од 89,79 до 97,67% со просечна оценка од 8,37 до 9,46.

За трет циклус на студии: Процентот на студенти кои го положиле завршниот испит изнесува 100% со просечна оценка од 8,8 до 9,1.

Анализата укажува на тоа дека на прв циклус студии е висок процентот на студенти кои испитот го полагаат преку колоквиуми и студентите постигнуваат подобри резултати.

Проодноста е највисока на трет циклус студии.

Ректорската управа и сенатот секоја академска година доставува обрасци за План и реализација на наставата до секоја од единиците на Универзитетот. Со овие обрасци се собираат податоци за планираната наставна активност за следниот семестар и реализираната наставна активност во претходниот семестар, по секој предмет поединечно, како и податоци за проодност на студентите на колоквиуми и испити и просечна оцена.

Анализа на проодноста на студентите прави продеканот за настава заедно со координаторот за ЕКТС преку разгледување на ПИР-извештаите кои се доставуваат во Ректоратот.

Студентската анкета за наставниот процес вклучува изразување на мислење за обезбеденоста на наставен материјал, редовноста на предавањата, разбирливоста на содржините кои се дел од наставната активност, методот и објективноста на оценување на наставникот, како и целокупниот однос на наставникот кон наставата и кон студентите.

Доколку по некој од предметите е забележана ниска/висока проодност и/или има повратна информација од страна на студентите за потешкотии при полагањето на одреден предмет, се прави анализа за можната причина која довела до таквата состојба.

[1] Податоците се збирни за единицата Педагошки факултет – Битола. Поединечните податоци за студиските програми можат да се видат во Табела број 13 за соодветните студиски програми.

Доколку проблемот се лоцира во наставникот, се разговара со него и му се укажува на пропустите во наставата, обемот на содржините, степенот на тежина на испитните прашања, начинот на оценување и квалитетот на комуникација со студентите.

Доколку проблемите се повторуваат и состојбата не се подобрува, установата може да прибегне и кон построги мерки како што е промена на предметниот наставник.

На веб – страницата на факултетот редовно се објавуваат податоци за просечната проодност на студентите во секоја академска година.

Во однос на резултатите за втор циклус на студии за сите студиски програми во 2012/ 2013 завршниот испит го полагале 147 студенти (Менаџмент во образованието 61, модул Англиски јазик 41, модул Германски јазик 9, Образование за надарени и талентирани 36), а го положиле 132 студенти (Менаџмент во образованието 56, модул Англиски јазик 33, модул Германски јазик 7, Образование за надарени и талентирани 36), со просечна оценка од 8,31 (Менаџмент во образованието 9, модул Англиски јазик 7,06, модул Германски јазик 7,71, Образование за надарени и талентирани 9,48) . Процентот на студенти кои го положиле завршниот испит изнесува 89,79(Менаџмент во образованието 95,2, модул Англиски јазик 80,48, модул Германски јазик 77,77, Образование за надарени и талентирани 100). Бројот на одбранети магистерски трудови е 18.

Во однос на резултатите за втор циклус на студии за сите студиски програми во 2013/ 2014 завршниот испит го полагале 139 студенти (Менаџмент во образованието 69, модул Македонски јазик 21, модул Англиски јазик 15, модул Германски јазик 10, Наставник во одделенска настава 10, Образование за надарени и талентирани 12 , Односи со јавност 2), а го положиле 125 студенти (Менаџмент во образованието 65, модул Македонски јазик 18, модул Англиски јазик 13, модул Германски јазик 7, Наставник во одделенска настава 8, Образование за надарени и талентирани 12, Односи со јавност 2) , со просечна оценка од 8,76 (Менаџмент во образованието 8, модул Македонски јазик 9,16, модул Англиски јазик 9, модул Германски јазик 9,57, Наставник во одделенска настава 8,4, Образование за надарени и талентирани 8,91, Односи со јавност 8,28). Процентот на студенти кои го положиле завршниот испит изнесува 89,93 (Менаџмент во образованието 97,6, модул Македонски јазик 85,71, модул Англиски јазик 86,66 , модул Германски јазик 70, Наставник во одделенска настава 80, Образование за надарени и талентирани 100, Односи со јавност 70). Бројот на одбранети магистерски трудови е 20 и 1 специјалистички труд.

Во однос на резултатите за втор циклус на студии за сите студиски програми во 2014/ 2015 завршниот испит го полагале 86 студенти (Менаџмент во образованието 46, модул Македонски јазик 20, модул Англиски јазик 16, модул Германски јазик 7, Наставник во одделенска настава 1, Образование за надарени и талентирани 1), а го положиле 84 студенти (Менаџмент во образованието 41, модул Македонски јазик 18, модул Англиски јазик 12, модул Германски јазик 6, Наставник во одделенска настава 1, Образование за надарени и талентирани 1), со просечна оценка од 9,46 (Менаџмент во образованието 9, модул Македонски јазик 9,88, модул Англиски јазик 9,08, модул Германски јазик 9,83, Наставник во одделенска настава 9, Образование за надарени и талентирани 10) . Процентот на студенти кои го положиле завршниот испит изнесува 97,67 (Менаџмент во образованието 93,6, модул Македонски јазик 90, модул Англиски јазик 75, модул Германски јазик 85,71, Наставник во одделенска настава 100,

Образование за надарени и талентирани 100). Бројот на одбранети магистерски трудови е 16 и 1 специјалистички труд.
Вкупниот број на одбранети магистерски трудови во периодот од 2012-2015 изнесува 54, ( Менаџмент во образованието 24, модул Македонски јазик 3, модул Англиски јазик 4, модул Германски јазик 2, Наставник во одделенска настава 1, Образование за надарени и талентирани 2, Односи со јавност 1) а вкупниот број на одбранети специјалистички трудови за истиот период е 2.

Компетенциите на студентите по завршувањето на студиите на втор циклус се следниве:

- Писмено комуницирање - 5
- Усмено комуницирање- 5
- Научно-истражувачка работа- 4
- Работа со компјутер- 5
- Работа во лабораторија- 5
- Работа во група- 5
- Подготвување на проекти- 5
- Познавање на странски јазици- 5
- Анализа на стручна и научна литература- 5
- Разрешување на проблеми- 4
- Менаџерство– 5

- Во однос на резултатите за трет циклус на студии за на студии за сите студиски програми во 2012/ 2013 завршниот испит го полагале 5 студенти (Настава по Англиски јазик 14, Настава по Германски јазик 1) а го положиле 5 студенти (Настава по Англиски јазик 14, Настава по Германски јазик 1,)со просечна оценка од 9(Настава по Англиски јазик 9,5, Настава по Германски јазик 8,6). Процентот на студенти кои го положиле завршниот испит изнесува 100(Настава по Англиски јазик 100, Настава по Германски јазик 100).
- Во однос на резултатите за трет циклус на студии за сите студиски програми во 2013/ 2014 завршниот испит го полагале 11 студенти (Менаџмент во образование 1, Настава по Македонски јазик 1, Настава по Англиски јазик 6, Настава по Германски јазик 1, Образовни науки 7), а го положиле 11 студенти(Менаџмент во образование 1, Настава по Македонски јазик 1, Настава по Англиски јазик 6, Настава по Германски јазик 1, Образовни науки 7), со просечна оценка од 8,8 (Менаџмент во образование 9,5, Настава по Македонски јазик 8,6, Настава по Англиски јазик 8,6, Настава по Германски јазик 9,25, Образовни науки 10). Процентот на студенти кои го положиле завршниот испит изнесува 100 (Менаџмент во образование 100, Настава по Македонски јазик 100, Настава по Англиски јазик 100, Настава по Германски јазик 100, Образовни науки 100).
- Во однос на резултатите за трет циклус на студии за сите студиски програми во 2014/ 2015 завршниот испит го полагале 13 студенти (Менаџмент во образование 3, Настава по Македонски јазик 1, Настава по Англиски јазик 8, Образовни науки 22), а го положиле 13 студенти (Менаџмент во образование 3, Настава по Македонски јазик 1, Настава по Англиски јазик 8, Образовни науки 22), со просечна оценка од 9,1(Менаџмент во образование 9,5, Настава по Македонски јазик 9,33, Настава по Англиски јазик 9,25, Образовни науки 9,3). Процентот на студенти кои го положиле завршниот испит изнесува 100. (Менаџмент во образование 100, Настава по Македонски јазик 100, Настава по Англиски јазик 100, Образовни науки 100).

- За периодот од 2012– 2015 бројот на одбранети докторски трудови изнесува 1 на студиската програма по Образовни науки.

На докторски студии можат да се запишат студенти кои завршиле соодветни академски студии од втор циклус и кои имаат остварено минимум 300 ЕК. Условите и критериумите за запишување на студентите на студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски" ги пропишува Ректоратот на Универзитетот во согласност со законските прописи и препораките на Министерството за образование и наука.

Право на запишување на трет циклус студии на Педагошкиот факултет- Битола имаат кандидати што имаат завршено втор степен на студии на сродни факултети. Сродноста ја утврдува Педагошкиот факултет- Битола. Со запишување на докторските студии студентот се стекнува со статус- студент на докторски студии.

Студиите од третиот циклус се тригодишни и се реализираат преку следниве форми:

- Интерактивна настава 40%
- Семинарска настава 15%
- Теренска настава 10%
- Проектна настава 20%
- Хоспитации 15%

Изработувањето на докторскиот труд вклучува и консултации и менторства во зависност од потребите на студентот.

Студентите што ќе ги завршат докторските студии (за секоја студиска програма) се стекнуваат со 180 кредити.

Компетенциите на студентите по завршувањето на студиите на трет циклус се следниве:

- Писмено комуницирање - 5
- Усмено комуницирање - 5
- Научно-истражувачка работа - 5
- Работа со компјутер - 5
- Работа во група - 4
- Подготвување на проекти - 5
- Познавање на странски јазици - 5
- Анализа на стручна и научна литература - 5
- Разрешување на проблеми - 4

Менаџерство – 5

## 2.4.Процедури за соодветно информирање на студентите

Пред уписите, секоја година наставниот кадар на Педагошки факултет – Битола организира презентации за матурантите во средните училишта во Р. Македонија. Преку писмено и усно известување, потенцијалните студенти се информираат за насоките на кои се врши упис на Педагошки факултет – Битола, условите за упис, како и бројот на студенти кои ќе бидат запишани на сите насоки на факултетот. Овие презентации се организираат од месец април и траат до крајот на месец мај – пред почетокот на идната академска година. Најчесто се присутни двајца наставници од Педагошки факултет кои

по презентацијата и усно одговараат на прашањата на заинтересираните потенцијални студенти.

Воедно, се обезбедуваат брошури во кои се наведени: назив на студиските програми, опис на квалификацијата на секоја студиска програма, услови за упис, број на студенти кои се запишуваат на секоја студиска програма, а се упатуваат и на веб – страницата на Педагошкиот факултет – Битола на која можат да најдат дополнителни информации и тоа:

- При прием и упис на нови студенти: на веб – страницата на Педагошки факултет – Битола се објавуваат ранг-листите на кандитатите и конечните ранг – листи за упис на примените студенти.
- Распоред за настава.
- Организационата структура на факултетот
- Наставниот кадар
- Информации за испитни сесии, термини и извештаи за положени испити.
- Елаборати за сите студиски насоки од кои можат да се информираат за сите детали поврзани со нив.
- Обрасци за документи кои се потребни во текот на студирањето.

Студентите во секое време можат да се информираат во службата за студентски прашања (лично, по телефон или по електронска пошта) или во Сојузот на студенти за сите прашања за кои овие служби се релеванти да дадат одговор.

### 2.5.Квалитет на материјално-техничките ресурси

Педагошкиот факултет - Битола располага со 5400 m$^2$ простор и тоа: амфитеатри, предавални, простории за изведување нумерички вежби, компјутерски училници, лаборатории за изведување експериментални (практични) самостојни вежби, лаборатории за изведување аудио-визуелни самостојни вежби, демонстрациони лаборатории, лаборатории за изведување современа научно-истражувачка дејност, кабинети за наставно-научен кадар, читална, библиотека.

Педагошкиот факултет - Битола располага со специфична опрема за изведување на наставата по одредени предмети како што се клавири, инструменти за симфониски концерт, кабинети за изведување на музичка настава, специфична опрема за определена студиска програма: Македонски јазик како странски јазик (курс и предмет), видео-камера, дигитални фотоапарати.

Педагошкиот факултет - Битола има соработка со четири основни и средни училишта за изведување хоспитации по предметот методика.

Самоевалуација на соодветноста на ресурсите за изведување на студиските програми, функционалноста, староста, ергономичноста и достапноста се прави еднаш на три години.

Педагошкиот факултет - Битола располага со две компјутерски училници, 200 компјутери, 30 интернет приклучоци (Switch + Wifi), 20 ЛЦД проектори, 5 скенери 5 и 40 печатачи.

Наставниот кадар е опремен со лап – топ компјутери.

Постои безжичен интернет приклучок со отворен пристап на кој студентите можат да се приклучат.

Во холот на факултетот студентите имаат на располагање компјутери со интернет приклучок кои им се достапни во секое време.

Педагошки факултет-Битола е приклучен кон информациската база COBISS (OPAC).

Педагошкиот факултет - Битола располага со библиотека снабдена со потребен број на библиотечни единици во печатена или електронска форма и соодветен простор за нормално користење на библиотекарските услуги.

Бројот на книги набавени во последните 3 години изнесува: домашни 99 наслови - 509 книги, странски 5 наслови - 75 книги.

Педагошкиот факултет - Битола располага со читална за потребите на студентите.

Во библиотеката има доволен број на примероци од задолжителната литература.

Учебниците чии автори се наставниците од Педагошкиот факултет - Битола се застапени во доволен број примероци во библиотеката.

Библиотеката располага со пристап до интернет преку компјутери и безжичен. Во библиотеката работи еден библиотекар.

### 2.6.Меѓународна соработка

На Педагошкиот факултет-Битола наставата се реализира и од страна на неколку визитинг професори: Judy Richardson (професор емеритус, фулбрајтовец, САД), Lindsey Johnson (дипломиран библиотекар, САД), Sam Benshoof (дипломиран професор, САД), George Mitrevski (професор доктор, емеритус, САД), Colby Long (дипломиран професор, САД). Вредно е истпо така да се споменат одржаните предавања на професорите: Вера Радовиќ од Учителски факултет-Белград (16.10.2014), Себастијан Кемпкин од Универзитетот во Бамберг (13.06.2014), Младен Вилотијевиќ и Грозданка Гојков (7.05.2014), Љубиша Митровиќ од Филозофскиот факултет во Ниш (11.04.2014), Мирослав Кука (9 и 10.04.2014), Десислава Тодорова од Универзитетот „Лудвиг Максимилијан“ од Минхен (30.12.2013), Иван Фербежер од Љубљана (28.11.2013), Божидара Кривирадева од Педагошкиот факултет во Софија (Бугарија) (2.10.2013), Микаеле де Беки од Институтот Софија Лопшиано од Фиренце Италија (12.12.2013), Марк Гинзберг од Џорџ Мејсон Универзитетот во САД (2.12.2014).

Билатералната соработка вклучува соработка со странски универзитети од Р. Грција, Р. Албанија, Р.Србија, Р.Словенија, Р.Бугарија, Р.Турција, Р. Хрватска врз основа на потпишани договори во согласност со краткорочните и долгорочните интереси на УКЛО и партнерските институции се разменуваат искуства од наставно-научните области, се реализираат посети и престои на академски кадри, реализација на конференции.

Во склоп на Еразмус+ мобилностите за наставен кадар и студенти, беа реалзизирани повеќе мобилности од страна на универзитетски професори од Р. Италија, Р. Германија, Р. Словачка.

Во склоп на Еразмус+ мобилностите за наставен кадар во насока на подобрување на вештините и компетенциите за работа, размена на искуства, зголемување на културната свест, учење и обука, остварени се мобилности на неколку професори и тоа во Р.Словенија, Р.Полска, Р. Турција. Професорите кои патуваа во наведените држави имаа за цел да реализираат обуки и предавања за обучување и развивање на вештини и компетенции кај студенти и наставен кадар.

Преку Еразмус + програмата студенти од Педагошкиот факултет Битола имаа можност да патуваат во Р. Полска и Р. Германија.

Преку аплицирање за доделување на стипендии и грантови се обезбедува поддршка за реализација на меѓународни активности.

## 3. ОБЛАСТ – ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И/ИЛИ КРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ

### 3.1.Стратешко планирање на научно-истражувачката/ уметничката дејност

Продеканот за настава е лице кое е задолжено за дефинирање на целите за научно-истражувачката дејност на академскиот кадар. Факултетот преку продеканот за настава води евиденција за научно-истражувачките и апликативните резултати на академскиот кадар и ги претставува како дел од извештајот за работата на деканот на крајот од секоја академска година.

### 3.2.Систем на поддршка на научно-истражувачката/уметничката дејност

Педагошкиот факултет-Битола е организатор и коорганизатор на неколку меѓународни научни конференции од областа образование. Исто така, факултетот е издавач на интернационалното списание „Учител“.

Педагошкиот факултет-Битола секоја година организира хуманитарни активности, промоции на книги, изложби, музички и поетски настани, концерти и слично.

### 3.3.Науката како поддршка на стопанството

### 3.4.Систем на финансирање на научно-истражувачката/уметничката дејност

Факултетот ги користи можностите за Еразмус + мрежата за научни истражувања и развој.

### 3.5.Супервизија на студентското истражување и докторските студии

Факултетот ги вклучува студентите на сите три циклуси во научно-истражувачки активности кои ги презема академскиот кадар. За квалитетот на истражувачките трудови и позитигвните оценки на трудовите на студентите гарантираат супервизорите.

Во тек е процес на комуникација со признати странски научници на првите 200 универзитети на Шангајската листа кои би биле ангажирани на трет циклус студии од следната академска година.

## 3.6. Оценување на квалитетот на академскиот кадар на високообразовните и научно-истражувачките установи во Република Македонија согласно со научно-истражувачките подрачја од меѓународната фраскатиева класификација.

Факултетот поседува база на податоци во однос на резултатите од реализацијата на сите научно-истражувачки, развојни и апликативни активности. Академскиот кадар во последните три години има објавено поголем број на научно-истражувачки трудови објавени во научни списанија со индексирани трудови во базите: Ebsco, Emerald, Scopus и Thomson Reuters, научно-истражувачки трудови објавени во меѓународни научни списанија; Научно-истражувачки трудови објавени во меѓународни научни публикации.

За истите се води евиденција преку летописна книга на настани. На крајот од академската година трудовите се наведуваат и во годишниот извештај од работата на деканот. Академскиот кадар индивидуално ги обновува податоците во своите биографии и истите се објавени на веб-страницата на факултетот.

Дел од наставниците се јавуваат и како главни уредници на научни списанија или членови на научни одбори во научни списанија.

Бројот на објавени научни монографии, книги, учебници, прирачници, авторство на монографии, книги е 59.

Наставниците и соработниците од единицата зеле учество во повеќе од 20 научно-истражувачки проекти: меѓународни, билатерални, национални во последните три години.

На првиот циклус на студии има вкупно 8 студиски програми на кои во последните три години дипломирале вкупно 378 студенти и тоа на насоката Наставник за одделенска настава дипломирале 141 студент, а насоката Воспитувач дипломирале 67, на насоката Македонски-англиски јазик дипломирале 111, на насоката Македонски-германски јазик дипломирале 34 студенти, на насоката ИТО 25 студенти. На насоките Македонски јазик и книжевност, Германски јазик и Англиски јазик и книжевност нема дипломирани студенти затоа што студентите во академската 2015/2016 година ја започнуваат 4-та година на студии.

На втор циклус студии има вкупно 7 студиски програми на кои во последните три години магистрирале вкупно 37 магистри и тоа на насоките: Менаџмент во образование вкупно 24 магистри, Модул англиски јазик вкупно 4 магистри, Модул Германски јазик вкупно 2 магистри, Модул Македонски јазик вкупно 3 магистри, Образование на

надарени и талентирани вкупно 2 магистри, Одделенски наставник вкупно 1 магистер, Односи со јавност 1 магистер.

На трет циклус студии има вкупно 5 активни програми од кои само на насоката Образовни науки докторирал еден кандидат.

## 4. ОБЛАСТ – ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ

### 4.1.Информации за јавноста

Педагошкиот факултет- Битола има своја веб-страница која редовно се ажурира и на тој начин сите заинтересирани страни (категории) можат да се информираат за историјатот на факултетот од неговите почетоци до денес, за студиските програми, наставниот кадар, потребната литература за студирање, распоредот на часови, распоредот на испити и резултати од истите. Исто така достапни се информациите за одлуки донесени на Наставно-научниот совет, Билтен на Универзитетот, резултати од самоевалвација на факултетот, најновите програми и проекти од „ЕРАЗМУС", сите електронски изданија на списанието „Учител", кое го издава Педагошкиот факултет- Битола, како и јавни одбрани на магистерски и докторски трудови на нашите кандидати.

Педагошкиот факултет- Битола ја развива својата комуникациска стратегија и формите на комуницирање со секоја целна група преку студиски патувања, учества во проекти, соработка со државни органи, невладин сектор, стопански и социјален сектор.

За целната група *студенти* се реализраат студиски патувања и учества во проекти. Дипломираните студенти учествуваат во проектот „Јакнење на образованието за настава преку практична настава во мултиетничко општество" (дипломираните студенти се во улога на тутори на деца Роми во повисоките одделенија од основното образование). Проектот е во соработка со Министерството за образование и наука, здружението за развој на ромската заедница SUMNAL и невладината организација SONCE.

Педагошкиот факултет- Битола во заедничка соработка со Младинскиот Културен Центар- Битола (МКЦ- Битола) го остварува проектот „Мали ѕвезди"- учење за комуникација со јавноста, стекнување на вештини за новинарство.

Во рамките на проектот за развој на претпримничкото учење во соработка со Центарот за развој на претприемничкото учење во земјите од Југоисточна Европа SEECEL, реализирана е студиска посета на Business Start Up центарот во Скопје.

Реализирани се, а и се во тек проекти во кои учествуваат наставници и студенти кои се поддржани од невладиниот сектор, како на пример: OBSE, MCGO, LOJA, USAID, LIFE START и др.

Нашите студенти учествуваат во реализирањето на проектот со наслов „Практична настава за идни наставници во невладиниот сектор".

Студентите кои студираат на јазичните насоки имаат можност да реализираат практична настава во компанијата Kromberg & Schubert во Битола. Во рамките на ERASMUS програмата, професор од Педагошкиот факултет во Софија- Бугарија

спроведе научно истражување во ЈУМ Центар за социјална работа- Битола во соработка со Педагошкиот факултет.

### 4.2.Стратегиски цели за доживотно учење

Центарот за развој на курикулумот кој што работи во рамките на Педагошкиот факултет има посебни органи: собрание, надзорен одбор, раководител и научни и стручни соработници.

Целта и задачите на научната и стручната дејност на Центарот за развој на курикулумот се:

- Да организира стручни и научни дискусии и истражувања на актуелни проблеми и теми поврзани со курикулумот на основното училиште кај нас и во други развиени земји, а особено што се однесуваат на:
  - o развојните цели во наставата и учењето;
  - o изборот и дидактичката разработка на содржините по предмети кои се важни за постигнување на целите во наставата и учењето;
  - o методите и средствата (активностите во наставниот процес);
  - o планирање и примена на наставни ситуации со групирање на содржините и избор на методи во наставата и учењето;
  - o евалуација (мерење) на успехот во наставата и учењето со користење објективни постапки.
- Да ја следи и координира работата на стручните тимови кои работат на развојни истражувања за курикулумот на деветгодишното основно училиште.
- Да организира тематски дискусии во врска со професионалниот развој на одделенските наставници и да врши обуки на студентите и одделенските наставници од основните училишта во кои се изведува практичната работа на студентите.
- Да ги проучува наставните програми на деветгодишното основно училиште (од I до V одделение).
- Да врши истражувања за користење на современи наставни средства и помагала за подобрување на квалитетот на наставниот процес од прво до петто одделение на основното училиште.
- Да покренува иницијативи за примена на резултатите од развојните истражувања што се однесуваат на подобрување на квалитетот на наставниот процес во деветгодишното основно училиште.
- Да соработува со основни училишта кои учествуваат во истражувања и практична работа на студентите, со органи на општините и Бирото за развој на образованието во Република Македонија.

- Да создава база на податоци за основните училишта кои се вклучени во истражувањата и обуката на студентите според програмата на Центарот за развој на курикулумот на деветгодишното основно училиште.

- Да набавува стручна литература и списанија од земјата и од странство за успешно вршење на научната и стручната работа.

- Да изработува програми за стручна и научна работа во областа на развојот на курикулумот на деветгодишното основно училиште.

Во рамките на Педагошкиот факултет активно работи и Центарот за перманентно образование во кој постојат следните сектори: сектор за перманентно усовршување, сектор за истражување и развој, сектор за информатика и медијатечни фондови и сектор за креирање на производство на наставни средства и нивна дистрибуција. Целите на Центарот за перманентно образование меѓу другото се: оспособување и развој на сопствен кадар за реализација на едукативните активности на Центарот, трансфер на искуство за содржината и начинот на работа на Центарот од слични институции од странство, воспоставување на врски на функционирање помеѓу редовното, базичното образование на кадарот и неговото перманентно усовршување.

## 4.3.Популаризација на научно- истражувачките/креативните активности и вклучување на високообразовната установа во општествениот развој

Научно-истражувачката дејаност е еден од носечките столбови на нашиот факултет. Потврда за тоа се бројот на научни трудови кои нашиот кадар ги презентирал на различни научни конференции, ги објавил во различни домашни и странски списанија. Тука се вбројуваат и бројните научно-истражувачки проекти кои се спроведуваат со релевантни домашни и странски фактори како МОН, БРО, ДРНУБ, УСАИД, УНИЦЕФ, ОБСЕ. На факултетот по секое вакво учество или објавување на значаен труд наставниците поднесуваат устен и писмен извештај преку кој се запознаваат останатите кадри, како и студентите со овој вид на активности. Нашите кадри редовно учествуваат во дебати во рамките на стручни тела, како и општествени иницијативи кои се однесуваат на значајни прашања од обласа на образованието. Исто така нашата институција се јавува како организатор и коорганизатор на различни стручни и научни збиднувања на полето на образованието во Р.М. но и од меѓународен карактер. Посебно е значајна соработката на овој план со сродни институции од регионот, но и пошироко. Оваа институција стимулира учество на студентите во овој вид на активности, посебно на оние од втор и трет циклус студии, каде акцентот е ставен на развој на истражувачките вештини.

**SWOT АНАЛИЗА ЗА ОБЛАСТ: ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕНАЏМЕНТ И ИЗВЕДУВАЊЕ**

| | |
|---|---|
| **S**<br>- јасна визија и мисија<br>- развиени процедури и механизми за планирање, реализација и контрола на квалитетот<br>- издвоеност на академската од раководната функција<br>- редовна самоевалвација<br>- вклученост на студентите во донесување на клучни одлуки<br>- почитување на соодветните процедури за избор на наставници и соработници во звања<br>- добро организирана веб-страница | **W**<br>- недостиг од соработнички кадар |
| **0**<br>- објавување на научни трудови во интернационалното списание Учител, коешто е кандидат за влегување во базата ЕБСКО | **T**<br>- недоволен број на соработнички кадар<br>- недоволната стопанска развиеност на земјата како причина за неконтинуирано вработување и подмладување со наставно – научен кадар;<br>- моменталната определеност на државните институции за ограниченост при вработувањето во буџетските установи.<br>- ограничување на вработувањето кај буџетските корисници, вклучувајќи ги и работните места на професори на кои по природен пат (со пензионирање) им престанал работниот однос |

## SWOT АНАЛИЗА ЗА ОБЛАСТ: НАСТАВА И УЧЕЊЕ

| S | W |
|---|---|
| - 20 акредитирани програми на прв, втор и трет циклус<br>- одлично структурирани елаборати за секоја студиска програма со сите потребни компоненти кои ги одразуваат сите последни промени и дополнувања на законот за високо образование<br>- постојано осовременување на постојните студиски програми<br>- постојана анализа во насока на подобрување на студиските програми<br>- покриеност на наставата со наставници чие образование и избор во звања според Фраскатиевата класификација соодветствува со полето, подрачјето и областа на предметот.<br>- студентска анкета за квалитетот на наставниот процес, наставниците и студиските програми<br>- развиени процедури за фер, конзистентно и транспарентно оценување на студентите<br>- оптимална проодност на студентите и оптимална просечна оценка<br>- редовно планирање на наставата за следниот семестар<br>- редовна анализа на реализираната настава од претходниот семестар<br>- укажување на пропустите на наставникот врз основа на резултатите од спроведената студентска анкета.<br>- висока информираност на кандидатите за упис на факултетот<br>- добро организирана веб-страница<br>- извонредни просторни и добри материјално-технички услови<br>- добро опремена и снабдена со книги библиотека<br>- развиени облици на меѓународна соработка преку различни | - недоволно вклучување во одредени бази на податоци |

| | |
|---|---|
| проекти, билатерални договри и заеднички програми<br>- ЕРАЗМУС мобилност за наставен кадар и за студенти<br>- развиени механизми за аплицирање за грантови од меѓународни фондации<br>- одлично планирана и реализирана педагошка практика (кај повеќето студиски програми – секој семестар има педагошка практика, а во последните два семестра – методичка практика) | |
| **0**<br>- интензивирање на соработката со сродни високообразовни институции од земјата и странство;<br>- непосредна соработка со странски високообразовни институции (организирање семинари, визитинг професори и сл.);<br>- развивање на нови студиски програми | **Т**<br>- опаѓање на бројот на студенти (особено на прв циклус) поради незапишување на студенти на одредени студиски програми кои биле ставени во мирување најмалку 2 години<br>- недостиг на соработнички кадар<br>- недоволно мотивација за објавување на универзитетски учебници од страна на вработениот академски кадар |

**SWOT АНАЛИЗА ЗА ОБЛАСТ: ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И/ИЛИ КРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ**

| | |
|---|---|
| **S**<br>- јасно дефинирани цели за научно-истражувачка дејност<br>- евиденција на научно-истражувачките и апликативните резултати<br>- добра искористеност на можностите на Еразмус +<br>- вклученост на студентите во истражувачки активности на сите три циклуси<br>- квалитетни ментори за изработка на научно-истражувачки студии<br>- акредитирани ментори на втор и трет циклус<br>- задоволителен број на објавени научни и стручни трудови<br>- задоволителен број на учества во апликативни проекти<br>- 20 акредитирани студиски програми на сите три циклуси<br>- целосна примена на Фраскатиевата класификација | **W**<br>- недоволно развиени механизми за поврзување со стопанството |
| **0**<br>- ангажирање на признати странски научници на трет циклус студии<br>- градење ефикасен систем за поддршка на научно-истражувачката и уметничката дејност<br>- развивање механизми за оценка на ефективноста од користењето на научно-истражувачката инфраструктура во наставата и во истражувањето<br>- зголемување на достапноста на научно-истражувачките трудови објавени во списанија со импакт фактор во Web of science | **T**<br>/ |

**SWOT АНАЛИЗА ЗА ОБЛАСТ: ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ**

| | |
|---|---|
| **S**<br>- Факултетот има визија за доживотното учење преточено во неколку практични иницијативи, бројот на научни трудови кои кадарот ги презентирал на различни научни конференции, ги објавил во различни домашни и странски списанија и научно-истражувачки проекти кои се спроведуваат со релевантни домашни и странски фактори. | **W**<br>- немањето можност за вклучување во базите на податоци,<br>- недоволна искористеност на Европските фондови<br>- нема развиено програма за учење на далечина |
| **0**<br>- да се најдат начини за искористување на Европските фондови во насока на поефикасно остварување на стратегиските цели | **T**<br>- недоволна свесност на пошироката општествена средина и интересентите во неа за можностите за доживотно учење кои ги нуди нашата високообразовна институција. |

**ЗАКЛУЧОЦИ**

Како што може да се види од приложениот извештај од спроведената самоевалуација на Педагошкиот факултет за периодот 2012/13-2014/15 година кон спроведувањето на истата од страна на овластената комисија е пристапено сериозно и сеопфатно. Самоевалвацијата ги опфати сите подрачја од функционирањето на оваа високообразовна институција исцрпно дадени во рамките на следните поглавја:

**А: Вовед со основни податоци за високообразовната установа и за текот на изведувањето на внатрешната евалвација**

**Б: Податоци за констатираните состојби, оценка за исполнетост на критериумите и препораки за надминување на констатираните недостатоци**

Операционализацијата на самоевалвацискиот процес е направена преку проценки во однос на дадените насоки и препораки за критериумите на квалитет кои се однесуваат на:

**ОБЛАСТ: ОРГАНИЗАЦИСКИ МЕНАЏМЕНТ И ИЗВЕДУВАЊЕ**

**ОБЛАСТ – НАСТАВА И УЧЕЊЕ**

**ОБЛАСТ – ИСТРАЖУВАЊЕ, РАЗВОЈ И/ИЛИ КРЕАТИВНИ АКТИВНОСТИ**

**ОБЛАСТ – ОПШТЕСТВЕНА ОПРАВДАНОСТ**

За анализата на сите овие области користени се целокупните квантитативни и квалитативни податоци кои беа собрани врз основа на Правните акти и прописи на Факултетот, како и од целокупната административна и педагошка документација која се води на истиот. Исцрпната анализа на податоците по области имаше за цел да ја претстави картата на оваа институција, нејзината организациона поставеност од административен, научен и наставен аспект. На овој начин се обезбеди транспарентност во претставување на функционирањето на оваа институција пред сегашните и идните студенти, академската, но и пошироката јавност. Од прибраниот и анализиран материјал може да се извлечат повеќе заклучоци кои водат во правец на презентирање на задоволување на критериумите за квалитетно функционирање на институцијата. Воедно анализите ги покажаа како јаките така и слабите страни на факултетот кои претставуваат основа за планирање на идните активности. При ова јаките страни треба да се одржуваат и развиваат, а за слабите страни треба да се предложат соодветни чекори и постапки кои ќе водат кон надминување на истите. Генералниот заклучок упатува на тоа дека се работи за институција која води сериозна грижа за своето функционирање. Пред сè, приложените податоци покажуваат дека студентот е во центарот на вниманието еднакво како и општествените институции во кои се вклучуваат студентите од сите три циклуси на студии.

**ПРЕПОРАКИ**

Врз основа на изготвениот извештај за работата на Педагошкиот факултет-Битола кој се однесува на неговото работење во последните три години и направен според квантитативно и квалитативно обработените податоци, може да се дадат следните препораки:

- Да се изготви стратегија во која ќе се предвидат и преземат мерки за надминување на забележаните слабости предложени од страна на сите релевантни фактори на факултетот;
- Предлагање на мерки за одржување на јаките страни во функционирањето на факултетот;
- Изнаоѓање и искористување на можности за поврзување со факултети од сродни области од регионот и пошироко заради развивање на атрактивни студиски програми, научно-истражувачки и апликативни проекти;
- Да се продолжи со водење на континуирана грижа за унапредување и усовршување на наставничкиот кадар;
- Да се продолжи со водење на континуирана грижа за потребите, ставовите, мислењата и барањата на студентите;
- Зајакнување на практичната настава во смисла на подигнување на нејзиниот веќе постоечки квалитет;
- Подигнување на квалитетот на научната и истражувачката работа кај студентите на втор и трет циклус.

Битола, 20.11.2015

**Комисија за самоевалвација на Педагошки факултет-Битола:**

1. Проф. д-р Даниела Андоновска-Трајковска, претседател, с.р.

______________________________

2. Проф. д-р Татјана Атанасоска, член, с.р.

______________________________

3. Доц. д-р Данче Сивакова, член, с.р.

______________________________

4. Доц. д-р Гордана Стојаноска, член, с.р.

______________________________

5. Доц. д-р Јасминка Кочовска, член, с.р.

______________________________

6. Доц. д-р Биљана Цветкова Димов, член, с.р.

______________________________

7. студент Алберт Садиковски, член, с.р.

______________________________